РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2838/12
12.11.2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 10-тата седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот 09-2838/1 од 04.11.2024 година во врска со назначување на членови на Управниот одбор од Скопје од страна на Судскиот совет на РСМ и од страна на Советот на јавни обвинители на РСМ, СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 24.10.2024 година донел Одлука за назначување на членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители со која за членови на Управниот одбор ги назначил ----------------------- – член на Судскиот совет на РСМ и -------------------------- – член на Судскиот совет на РСМ, спротивно на членот 9 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 129/2023), а во врска со членот 49 став 1 и членот 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29.10.2024 година донел Одлука за назначување на членови и заменици членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители број 02-125/3 од 29.10.2024 година со која за членови на Управниот одбор ги назначил -------------------------- – член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и --------------- – член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, спротивно на членот 9 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, а во врска со членот 49 став 1 и членот 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата им укажува на Судскиот совет и на Советот на јавните обвинители да преземат мерки за надминување на констатираната состојба, односно да ги стават вон сила горенаведените одлуки пред истекот на мандатот

на актуелниот состав на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители и почетокот на мандатот на новиот состав на Управниот одбор.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, а примерок од одлуката да се достави до Судскиот совет на Република Северна Македонија и до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на натамошно постапување.

### Образложение

Државната комисија на состанок на колегиумот одржан на ден 04.11.2024 година донесе заклучок по сопствена иницијатива да се оформи предмет во однос на назначувањето на членовите на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, по што е оформен предметот со број 09-2838/1.

Дополнително до ДКСК се поднесени две пријави од непознати подносители, со наводи за недозволено постапување на Судскиот совет при донесување на Одлука за назначување на членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, кога одлучил да ги назначи членовите на Судскиот совет ---------------- и ---------------------------------, наместо да назначи членови од редот на судиите, како и на Советот на јавните обвинители кој ги назначил членовите од своите редови ---------------------------- и -------------- наместо да назначи членови на Управниот одбор од редот на јавните обвинители.

Државната комисија за спречување на корупцијата заради утврдување на фактичката состојба се обрати до Академијата за судии и јавни обвинители со барање за доставување на податоци и информации и ги побара актите за назначување на нови членови на Управниот одбор на Академијата согласно со членот 9 од Законот за академијата за судии и јавни обвинители.

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев на ден 07.11.2024 година до Државната комисија достави одговор на барањето со прилог документација.

Од доставената документација се утврди дека Академијата до Судскиот совет на РСМ упатила Барање за номинација на двајца членови и нивни заменици во Управниот одбор на Академијата, заведено под број 03-415/3 од 09.10.2024 година, со кое ги известува дека мандатот на актуелниот состав на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители истекува на ден 29.11.2024 година и бара да извршат номинација на двајца судии и нивни заменици во Управниот одбор, согласно член 9 став 2 од Законот за академија за судии и јавни обвинители.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Исто така, Академијата до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија упатила Барање за номинација на двајца членови и нивни заменици во Управниот одбор на Академијата, заведено под број 03-415/2 од 09.10.2024 година, со кое ги известува дека мандатот на актуелниот состав на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители истекува на ден 29.11.2024 година и бара да извршат номинација на двајца јавни обвинители и нивни заменици во Управниот одбор, согласно член 9 став 3 од Законот за академија за судии и јавни обвинители.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 28.10.2024 година до Академијата за судии и јавни обвинители доставил номинација, со кој ја известува Академијата дека по добиеното барање на седницата одржана на ден 24.10.2024 година донел Одлука за назначување на членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители и нивни заменици со која за членови на Управниот одбор ги назначил ---------------------- – член на Судскиот совет на РСМ и --------------------------- – член на Судскиот совет на РСМ, а за заменици членови ------------------------------- – судија на Апелациониот суд ---- и ---------------- – судија од Основен суд -------.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на ден 29.10.2024 година до Академијата за судии и јавни обвинители во прилог на допис ја доставил Одлуката бр.02-125/3 донесена на седницата одржана на ден 29.10.2024 година со која за членови на Управниот одбор ги назначил ----------------------------- – член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и ------------------------ – член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, а за заменици ------------------------- – јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип и --------------------------------- – јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово.

Државната комисија за спречување на корупцијата, имајќи ја предвид вака утврдената состојба во предметот, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, раководејќи се од следните причини и законски одредби:

Согласно со членот 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.

Согласно со член 49 став 1 од истиот закон, избрано или именувано лице не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и сите други правни лица со доминантен државен капитал, освен ако со закон не е поинаку утврдено.

Согласно со член 9 став 1 од Законот за академија за судии и јавни обвинители Управниот одбор е орган на управување на Академијата кој го сочинуваат девет члена. Понатаму, согласно ставот 2 од истиот член на Законот, четири члена и нивни заменици во

Управниот одбор се назначуваат од редот на судиите и тоа: двајца членови и нивни заменици се судии назначени од Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Судскиот совет), еден член и негов заменик се судии назначени на општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Врховниот суд) и еден член и негов заменик се судии назначени од Управниот одбор на Здружението на судиите на Република Северна Македонија. Согласно со ставот 3 од истиот член од Законот, четири члена и нивни заменици во Управниот одбор се назначуваат од редот на јавните обвинители и тоа: двајца членови и нивни заменици се јавни обвинители назначени од Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот на јавни обвинители), еден член и негов заменик се јавните обвинители назначени од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и еден член и негов заменик се јавни обвинители назначени од Извршниот одбор на Здружението на јавните обвинители во Република Северна Македонија.

Државната комисија за спречување на корупцијата се грижи за доследно почитување на законите и во рамки на своите надлежности делува превентивно и презема мерки и активности за спречување на корупцијата и судирот на интереси во вршењето на власта и службената должност.

Државната комисија, имајќи ги предвид погоре цитираните законски одредби кои се јасни и недвосмислени, констатира дека донесените одлуки од Советот на јавните обвинители на РСМ и од Судскиот совет на РСМ со кои за членови на Управниот одбор на Академијата се назначуваат членови на двата совети, се спротивни на закон и тоа на одредбата од член 9 од Законот за академија за судии и јавни обвинители со која е определен составот на Управниот одбор на Академијата, како и на пропишаната забрана за членство во управни и надзорни органи со членот 49 став 1 и членот 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, членовите на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители кои се од редот на обвинителите и судиите се избрани да ја вршат функцијата - член на совет професионално и за времетраењето на нивниот мандат како членови на советот не ја извршуваат функцијата судија, односно јавен обвинител, туку истата им мирува, односно тие се избрани лица за кои без исклучок важи забраната од членот 49 став 1 и 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Во конкретниот случај освен што постои неспојивост на функции кај едно исто лице, таквата состојба значи постоење и на континуиран потенцијален судир на интереси затоа што овие лица на тој начин би имале право да одлучуваат како во фазата на приемот во почетна обука и во фазата на полагање на завршниот испит во својство на членови на Управниот одбор, така и за изборот на кандидатите кој ја завршиле почетната обука за судии и јавни обвинители, во својство на членови на Советот на јавните обвинители и Судскиот совет.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во услови на констатирана повреда на законот сторена со донесувањето на одлуките, Државната комисија за спречување на корупцијата им укажува на Судскиот совет и на Советот на јавните обвинители да преземат мерки за надминување на настанатата состојба на начин што пред започнувањето на мандатите на новите членови на Управниот одбор на Академијата, а најдоцна пред истекот на мандатот на актуелниот состав на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, кој истекува на 29.11.2024 година, ќе ги ставаат вон сила своите одлуки, кои се во спротивност со Законот за академијата за судии и јавни обвинители и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: М.М., соработник
Одобрил: м-р. Б.К.Ш., член на ДКСК